


# Двајца малолетници повредени со службен полициски пиштол во Струмица

ХРОНИКА / 12.08.2017 / 12:04

**Надлежен јавен обвинител од Основното јавно обвинителство – Струмица продолжува со увидот на колски пат, во близина на Градската капела кај Струмица, каде што синоќа полицаец со истрел од службено оружје повредил двајца малолетници.**

Според првичните информации, до инцидентот дошло кога екипи од СВР Струмица се обиделе да го сопрат возилото во кое биле двајцата малолетници, а за кои претходно било пријавено дека се обиделе да извршат кражба на чамец во близина на браната Мантово.

Малолетниците на два пати ја избегнале полициската патрола и не застанале, а потоа биле пресретнати од друго полициско возило на споредниот пат кај Градската капела. И натаму се работи на расветлување на начинот на кој дошло до пукањето од службениот полициски пиштол, при што биле повредени и двајцата малолетници.

Едното малолетно лице со посериозни повреди и прострелна рана во градниот кош уште синоќа беше префрлено на Клиниката за анестезија, реанимација и интензивно лекување во Скопје, додека над вториот малолетник е извршен оперативен зафат во болницата во Струмица и тој се наоѓа во добра општа состојба.

По наредба на надлежниот јавен обвинител, а заради обезбедување на непристрасност во постапката, во увидот се вклучени екипи од Одделот за криминалистичко-технички испитувања и вештачења при Министерството за внатрешни работи од Скопје. Притоа се издадени наредби за анализа на биолошки траги, балистичко вештачење, како и вештачења на папиларните линии подигнати на лице место. Од сите инволвирани земени се примероци од крв и урина и парафински ракавици. Полицаецот од чие оружје било пукано е задржан во ПС Струмица. Во текот на денот, во Основното јавно обвинителство – Струмица на записник ќе бидат сослушани сведоци на настанот.

Постапката за целосно расветлување на настанот продолжува.

**0 коментари**

Подреди по Најстари

Додај коментар...

НАЈНОВИ НАЈЧИТАНИ

50 минути Ереван: Азербејџан користи балистички ракети против цивили

1 час Истегнување нозе со Памела Рајф

1 час Шефот на Ред Бул ја коментираше одлуката на Хонда да ја напушти Ф1

2 часа Дневен преглед на состојбата со COVID-19 во светот

2 часа Привремен сообраќаен режим во Скопје в недела поради маратонот

ХРОНИКА


Судир меѓу воз и трактор кај Штип


Антикорупциска отворила предмети за злоупотреби на фондови на ЕУ и за кршење на законот при именувања директори во ФЗОМ


Казни за 874 лица за неносење маски


Побаран притвор за 55-годишен скопјанец поради силување




ВЕСТИ











Судир меѓу воз и трактор кај Штип


Комитетот на министри бара Бугарија да дозволи регистрација на здруженијата на македонското малцинство


Антикорупциска отворила предмети за злоупотреби на фондови на ЕУ и за кршење на законот при именувања директори во ФЗОМ


Детална анализа за порастот на заболени од Ковид, викендот препорака за евентуални нови рестриктивни мерки


Рама: Амбиција на двете влади е да се укине границата меѓу Албанија и Косово


Османи: Имаме високи очекувања од ЕУ и активно се подготвуваме за стартот на преговорите



© 2005-2020 Кајгана Медиа. Сите права задржани.

Согласни со iab. Етички кодекс